Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Financave**

- Сектор за финансиски систем –

**Предмет**: Покана за семинар

Почитувани,

Во рамки на соработката во областа на банкарството помеѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за финансии на Кралството Луксембург, Ве известуваме дека од 19ти јули па се до 26ти јули 2021 година во Скопје ќе се одржи Virtual classroom семинар на тема: “**IT Audit Methodology**”.

Семинарот е во организација на Агенција за трансфер на финансиска технологија од Луксембург (ATTF - www.attf.lu), која е дел од Центарот за обуки од Луксембург (House of training - www.houseoftraining.lu).

Основната цел на семинарот е да се разбере подобро методологијата за ревизија на целокупниот ИТ процес според најдобрите практики од ISACA. Оваа обука ќе ги развие и прошири ревизорските знаења за контролите за правилно идентификување и категоризирање на ризиците и постигнување на целите на ревизијата при ревизија на управувањето со ИТ, мрежата, управувањето со проекти и сл.

Семинарот е комбинација на теоретско предавање и практични вежби. Целна група се вработени во банки и останати финансиски институции.

Од учесниците се бара да имаат одлично познавање на англиски јазик. Учеството не предвидува плаќање на котизација.

Поканата за семинарот, програмата и апликацијата за учество можете ги најдете на интернет страницата на Министерството за финансии, секција Финансиски систем, во делот на Семинари и обуки .

Апликациите се доставуваат најдоцна до 8 јули (четврток) 2021 година на долунаведените e-mail адреси.

За сите дополнителни информации, Ве молиме контактирајте ги долунаведените лица.

Благодариме на соработката.

Со почит,

Ленче Тагасовска
Раководител на сектор


Контакт лица:
Горан Мојаноски тел: 3255-538, email: goran.mojanoski@finance.gov.mk
Иван Недев тел: 3255-370, email: ivan.nedev@finance.gov.mk